Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/22 и 174/22), издадена на Друштвото за трговија со електрична енергија АОТ ЕНЕРЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, во Прилогот во точката 1 зборовите ““ул. “8-ма Ударна Бригада” бр.43-3 Скопје-Центар се заменуваат со зборовите “ ул. Филип Втори Македонски бр.3” Скопје - Центар”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија со електрична енергија АОТ ЕНЕРЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, (во натамошниот текст: Друштво), на 26 декември 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.11-577 од 26 декември 2022 година.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 4 јануари 2023 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. “8-ма Ударна Бригада” бр.43-3 Скопје-Центар” во “ул. Филип Втори Македонски бр.3” Скопје-Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-xx/2 од 12 јануари 2023 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 12 јануари 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 21 став (1)

точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за менување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас на Друштвото за трговија со електрична енергија АОТ ЕНЕРЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 11-577/222**
**12 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**